# ДОКУМЕНТ ЗА ЈАВНА ПОЛИТИКА

## ДА СЕ ИЗБЕГНЕ ИЛИ ДИСКУТИРА?
### КАКО КОНТРОВЕРЗНОТО ДА СТАНЕ НОРМАЛНО







LEAD
Leaders for Education, Activism and Development

Funded
by the European Union
and the Council of Europe

EUROPEAN UNION

COUNCIL OF EUROPE
CONSEIL DE L'EUROPE

Implemented
by the Council of Europe

**Наслов:** Да се избегне или дискутира? Како контроверзното да стане нормално

**Издавач:** Лидери за едукација, активизам и развој

**Автор:** Софија Стојановска

**Дизајн:** Илија Станковски

Мислењата изразени во ова дело се одговорност на авторот и не мора да ја одразуваат официјалната политика на Советот на Европа.

Овој документ е изработен со финансиска поддршка на Европската унија и Советот на Европа. Изразените ставови во никој случај не може да се смета дека го одразуваат официјалното мислење на која било страна.

Советот на Европа е водечка организација за човекови права на континентот. Тој има 47 земји-членки, вклучувајќи ги и сите членки на Европската унија. Сите земји-членки на Советот на Европа се потпишаа на Европската конвенција за човекови права, договор дизајниран за заштита на човековите права, демократијата и владеењето на правото. Европскиот суд за човекови права го надгледува спроведувањето на Конвенцијата во земјите-членки.

**www.coe.int**

Земјите-членки на Европската унија одлучија да ги поврзат своите знаења, ресурси и судбини. Заедно изградија зона на стабилност, демократија и одржлив развој, притоа одржувајќи ја културната разновидност, толеранцијата и индивидуалните слободи. Европската Унија е посветена на споделување на своите достигнувања и вредности со земјите и народите надвор од нејзините граници.

**www.europa.eu**

# ИЗВРШНО РЕЗИМЕ

Контроверзните теми и прашања се прашања што будат силни чувства и прават поделби во заедниците и општеството. Тие се присутни во секоја држава и општество, а добиваат поголем интензитет во поделени општества како Северна Македонија.

Темелот на опфаќањето на контроверзните теми и прашања е преку образованието и нејзините програми и предмети. За жал, во нашето образование на постои посебна програма која предвидува разработка на вакви предмети и теми, иако постојат теми по различни предмети (граѓанско образование, социологија, вовед во правото и др) каде истите можат да бидат разработувани како контроверзни. Но, досега во нашата земја не е направено истражување што директно се фокусира на контроверзни прашања и теми како такви и кои се ставовите на учениците за нив. Сепак, постојат други истражвања низ кои можеме да ги согледаме ставовите на средношколците и младите, пред се во поширок општествен контекст.

Имено, 86,1% од средношколците и 87,3% од студентите изјавиле дека во рамки на образованието немале предмети кои од нив бараат информираност и следење на актуелните настани во државата. Понатаму, во образовниот систем постои амбиент на неотвореност за дискутирање, бидејќи две третини од средношколците чувствуваат повремена непријатност да дискутираат (63,2%), додека повеќе од половина (52,6%) се воздржуваат од споделување на своето мислење на часовите. И последно, загрижувачки се зголемените авторитарни ставови, каде 85% од младите сметаат дека на земјата ѝ треба лидер со цврста рака.

Ваквите податоци ја покажуваат потребата од систематско разработување на контроверзните теми во рамки на образованието.

## Препораки

Нашите главни препораки се: да се спроведе анализа за ефективноста од спроведувањето на програмата за животни вештини, со фокус на опфатот на контроверзни теми; Да се креира засебна програма за граѓанско образование каде еден од главните приоритети ќе бидат предавањето на контроверзните теми; Да се воведат задолжителни обуки за наставници за стекнување на вештини за водење на дискусии на овие теми; Училиштата во своите годишни евалуации да вклучат посебна секција за тоа колку контроверзните теми и граѓанската едукација била спроведена со учениците; Да се поттикнуваат наставниците да опфаќаат контроверзни теми во своите училници и да организираат редовни состаноци за рефлексија помеѓу наставниците; Да се организираат обуки за стекнување на вештини за наставниците на редовна основа во текот на годината; Да се потготвуваат извештаи за реализирање на програмата за контроверзните теми кој ќе биде јавно достапен за родителите.

# ВОВЕД, КОНТЕКСТ И ВАЖНОСТ НА ПРОБЛЕМОТ

*“Работите кои се контроверзни во интелектуалната и политичката сфера мора исто така да бидат предавани како контроверзни и во образовните институции”*

Оваа изјава е една од заклучоците на т.н. Бојтелбах консензус[1] кој бил развиен во 1976 година од страна на Државниот центар за граѓанско образование на федералната држава Баден- Вуртемберг во Германија, кој претставува стандард за предавање на контроверзни теми во денешна Германија.

Но, што всушност претставуваат контроверзните теми и прашања и зошто тие се важни во образовен, општествен и политички контекст?

Постојат повеќе дефиниции за тоа што претставува контроверзно прашање, но во суштина сите имаат сличен контекст. Затоа, за потребата на овој документ ќе ја користиме дефиницијата од водичот *„Предавање на контроверзни прашања преку едукација за демократско граѓанство и човекови права”*[2]. Според него контроверзни прашања се „**прашања што будат силни чувства и прават поделби во заедниците и општеството”.** Ваквите прашања вклучуваат вредности и интереси, политичка сензитивност, како и комплексни теми. Тие исто така варираат во зависност од земјата, времето и културата. Па така, во некои земји верскиот фундаментализам е контроверзно прашање, додека во други тоа не е релевантно. Во некои земји легализирање на истополови бракови може да ја подели заедницата, додека во други веќе се постигнати консензуси за овие прашања.

Контроверзните прашања најчесто немаат точен одговор зошто одговорите најчесто се формираат на база на претходните искуства, верувања и личниот контекст на индивидуите. Овие два аспекта на емоции и немање на точен одговор ја покажува тежината и комплексноста на нивното предавање, како и вештините и подготвеноста кои треба да ги поседува еден наставник.

Затоа, контроверзните теми може да се гледаат како табу, како нешто што предизвикува конфликт, односно нешто што  треба да се избегне. Од друга страна, контроверзните теми може да се гледаат и како нешто што секако е присустно во нашите животи и општества, што може да доведе до поголемо разбирање, односно нешто што треба да биде дискутирано. Оваа спротивставена динаминка е фокусот на овој документ за политики низ кој се обидуваме да ги прикажеме придобивките од вклучувањето на контроверзните теми во образовните програми. Истиот се потпира на **примарни податоци** и резултати пред се од посточките искуства во работа со наставници и

---

[1] Целосните заклучоци на консензусот можат да се најдат на следната веб-страна - https://www.lpb-bw.de/beutelsbacher-konsens

[2] Предавање на контроверзни прашања преку едукација за демократско граѓанство и човекови права-пакет за обука на наставници, Совет на Европа, 2021 година

училишта, и тоа во најголем дел преку спроведување на проектот „*Наставници за едукација, демократија и човекови права*" кој се спроведува во 2021 година. Како **секундарни извори** на информации се постоечки истражувања за состојбата на средношколците и младите во нашата земја, како и наставните програми кои се користат во основните и средните училишта. Како **терцијарен извор** на информации се користат текстови за контроверзни теми од европските земји, како и програмите за предавање за контроверзните теми од неколку европски земји.

## Зошто да се предаваaат контроверзните прашања?

Предавањето и вклучувањето на контроверзните прашања во училишните клупи придонесуваат за низа позитивни последици, додека нивното исклучување и неопфаќање влијаат во голема мера негативно.

Контроверзните прашања пред сѐ стимулираат **подлабоко размислување,** но и разбирање на општеството и поттикнуваат дополнилно истражување и интерес кај учениците. Понатаму, контроверзните прашања го развиваат **критичкото размислување** кај учениците и даваат можност за подлабоко размислување на вредностите и идеите и како истите се формираат и менуваат. Последно, контроверзните прашања развиваат **вештини за дебатирање**, **прифаќање на различности, свесност за средината** во која што живееме, но и тенденција за **правење на компромиси**.

Придобивките од нивно опфаќање се огромни. Според Елизабет Фрејзер, врската помеѓу поттикнувачката демократската дискусија и анти- авторитарните тенденции, како и живеењето со вредности е многу силна (Frazer 1999). Од друга страна, ставањето „под тепих" на контроверзните теми може да доведе до поголема збунетост, раздалеченост и нетпрпение кај ученикот/ слушателот.

Поради тоа, дискутирањето на контроверзни прашања води до развивање на низа вештини кои младите луѓе ги стекнуваат и тоа[3]:

- **Процесирање на информации**: собирање, сортирање, класифицирање, споредување информации и создавање врски помеѓу различни информации;
- **Расудување:** оправдување на мислења и постапки, извлекување заклучоци и правење дедукциски постапки, користење соодветен јазик за објаснување на ставови и користење докази за поддршка на одлуки;
- **Истражување:** поставување релевантни прашања, планирање што да се прави и како да се истражува, предвидување на резултати и предвидување на одговори, истражување на теории и проблеми, заклучоци за тестирање и рафинирање на идеи и мислења;

[3] Предавање на контроверзни теми, водич за наставници, Oxfam, 2018, стр. 5

- **Креативно размислување:** генерирање и проширување идеи, сугерирање на можни хипотези, користење на имагинација и потрага по алтернативни резултати;
- **Евалуација:** евалуација на она што го читаат, слушаат и прават за да се процени вредноста на нивното и на трудот/ идеите на другите, способно да не ги земаат сите информации „здраво за готово“ и доверба во сопствената одлука.

Од друга страна, избегнувањето на контроверзните прашања води кон низа негативни ефекти, прво кон учениците, а потоа и кон општеството. Тука, пред сѐ е **неприфаќањето** на различни ставови и гледишта и дополнително дистанцирање помеѓу различни групи на луѓе. Исто така, можат да придонесат кон зголемување на **нетрпеливоста** и поголема **дискриминација,** посебно кон ранливи категории на лица.

## Дали и колку контроверзните теми се опфатени во образовниот систем?

Контроверзните прашања и теми како поим не се директно опфатени како посебна програма, ниту како посебна целина во програмите на веќе постоечките предмети во основното и средно образование. Сепак, како најблиски предмети во кои се разработуваат вакви прашања се предметите граѓанско образование, кое се изучува во 8мо и 9то одделение, како и социологија, филозофија, вовед во право и етика во средното образование.

Па така, во сите овие предмети постојат секции во кои можат темелно да се разработуваат контроверзни прашања и теми како на пример: вредности, норми и санкции во општеството, религија, држава, економија и владеење на право, идентитет и припадност и други. Сепак, како најблизок пример за опфаќање на различни општествени и лични теми е образованието за животни вештини[4]. Животните вештини за првпат како наставна програма во македонскиот образовен систем се внесуваат во 2008 година, со измените на Законот за основно образование. Според истиот, предвидено е на часовите наменети за одделенската заедница (класен час) да се разработуваат содржини за подобрување на личниот и социјалниот развој на учениците.

Од друга страна, во средното образование програмата за животни вештини е воведена во 2011- 2012 година исто така преку часовите наменети за одделенската заедница (класен час). Но колку всушност тие се покажаа како успешни? За жал, директен одговор на ова прашање не може да се даде во овој момент, со оглед на фактот што не постојат податоци со кои може да се измери успешноста од досегашното спроведување на програмите за животни вештини за време на часовите за одделенските заедници. Но, самиот концепт од користењето на часовите на одделенските заедници има неколку свои недостатоци и тоа:

---

[4] Наставна програма за животни вештини за I-IV година. Достапна на следниот линк - https://www.bro.gov.mk/wp-content/uploads/2018/02/Nastavna_programa-Zhivotni_veshtini-I-IV_GO-mkd.pdf

- Малата фрекфенција на одржување на часовите на одделенската заедница (еден училишен час неделно);
- Другите содржини (предизвици на ученици, изостаноци и разговори за теми поврзани со наставата) кои се застапени на часовите на одделенската заедница оневозможуваат да се стави фокус на животните вештини.

## Што велат податоците?

Досега во нашата земја не е направено истражување што директно се фокусира на контроверзни прашања и теми како такви. Сепак, постојат истражувања преку кои можеме да ги согледаме ставовите и мислењата, пред се на средношколците и младите и преку тоа да создадеме појасна слика за тоа колку контроверзните теми се опфатени во образованието.

Првата слика од која можеме да извлечеме заклучок е тоа дека предметите и наставните содржини не поттикнуваат информираност и следење на актуелни настани во држата. Имено, 86,1% од средношколците и 87,3% од студентите изјавиле дека во рамки на образованието немале предмети кои од нив бараат информираност и следење на актуелните настани во државата[5]. Понатаму, во образовниот систем постои амбиент на неотвореност за дискутирање бидејќи две третини од средношколците чувствуваат повремена непријатност да дискутираат (63,2%), додека повеќе од половина (52,6%) се воздржуваат од споделување на своето мислење на часовите[6]. Од друга страна пак, повеќе од 80% од средношколците сметаат дека можноста да се слушнат различни мислења на училиште е важна, дури и кога овие мислења не се во согласност со нивните[7]. Како причина за воздржување од дискусија се наведени страв од грешка (38%), страв од осуда (18,3%) и страв од пониска оценка (17,7%). Ваквите состојби директно влијаат врз младите, бидејќи неможноста за отворено дискутирање води кон негативните последици кои се наведени погоре во овој текст. Па така, некои од последиците кои можеме да ги поврземе со истражувањата се следни: Првиот е општествената апатијата и недовербата која младите ја имаат кон институциите, каде само 8% од младите преземале чекори за решавање одреден општествен проблем[8]. Од друга страна е политичката неинформираноста каде загрижува фактот што близу две третини од младите луѓе ретко или никогаш не покажуваат интерес или дискутираат за политика[9]. И последно, но не помалку важно, загрижувачки се зголемените авторитарни ставови и тенденции каде што 85% од младите сметаат дека на земјата ѝ треба лидер со цврста рака[10].

---

[5] Младинско статус кво - истражување за младинскиот социјален капитал, Младински образовен форум, 2020, стр. 7.

[6] Ibid, стр. 53

[7] Ibid, стр. 53

[8]Социо-политичко учество на младите во Северна Македонија: Апатија, оптимизам или разочараност?, Фондација за демократија на Вестминстер, Северна Македонија, 2019, стр.9.

[9] Ibid, стр.100

[10] Ibid, стр.9

# ПРЕДИЗВИЦИ И МОЖНИ РЕШЕНИЈА

Контроверзните теми како дел од сеопфатен концепт за граѓанско образование се нишка за создавање на свесни и активни граѓани и поради тоа образовниот систем мора да биде отворен за дискусија на „жешките“ општествени и политички прашања.

Бидејќи преку концептот на предавање на контроверзни теми голема придобивка има не само за граѓанското образование туку и за целокупниот успех на ученикот во текот на образовниот процес но и на квалитетот на образованиот систем.

Образовниот систем во Северна Македонија е далеку од потребното ниво на квалитет, бидејќи според ПИСА[11] тестирањето, кое се спроведува на секои 3 години од страна на Организацијата за економска соработка и развој (OECD), земјата во 2018 година е на 67 место со просек кој достигнува до -90 поени разлика од просекот на земјите членки на OECD[12].

Тестот на ПИСА всушност мери до кој степен учениците можат да го аплицираат знаењето стекнато од училишните клупи во вистинскиот свет. Тие се така дизајнирани што не вклучуваат одговарање на факти и датуми,  туку интерпретирање на текстови, решавање на проблеми или објаснување на феномени, вештини кои не се поврзани со едноставно меморирање на податоци.

## Како предизвиците да бидат дел од решенијата?

Постојат низа предвици, но и можни решенија во квалитетно опфаќање на контроверзните теми во рамки на образовниот систем.

**Првиот предивизик** е програмски, односно како контроверзните теми да бидат опфатени во сеопфатна програма за граѓански вредности.

Ваквата програма може да има мултидисциплинарен карактер, односно да биде вклучена преку темите на веќе посточките предмети или пак да биде засебна програма како што е најчесто случајот со европските земји. Тоа што е клучно е оваа програма да не биде на рамниште на класниот час, туку да има посебно место во училишниот курикулум, како и зголемен фонд на часови. Само така учениците ќе можат да бидат пофреквентно изложени на разбирање и дискутирање на контроверзните теми. Тесно поврзано со овој предизвик е и мерењето на влијанието на ваквите програми. Ако ја земеме за пример програмата за животни вештини ќе видиме дека и после 13 години од нејзината имплементација сè уште не постои јавно достапна анализа за нејзината корисност и влијание.

[11] ПИСА претставува скратеница од PISA – Programme for International Student Assessment.

[12] Резултатите од ПИСА тестирање за Северна Македонија се достапни на следниот линк - https://www.oecd.org/pisa/publications/PISA2018_CN_MKD.pdf

**Вториот предизвик** се вештините и пристапот на наставниците.

Тие се клучни за да може училницата да претставува „сигурно место“ каде темите нема да се кријат „под тепих“, нема да постои страв од споделување на мислење, ниту наставникот ќе наметнува свои лични гледишта.  Исто така, улогата на наставникот е да обезбеди балансираност и објективност, притоа избегнувајќи ја секоја можност за пристраност во дискусијата. И токму тука доаѓаат до израз вештините и умешноста на наставникот да се справи со дискусијата и ситуацијата.

Искуството на ЛЕАД покажува дека најголем дел од наставниците сè уште немаат соодветни вештини надвор од содржината на темата која ја предаваат. Кога зборуваме за вештини, се мисли на вештини за водење (фасилитирање) на дискусија, вештини за извлекување на заклучоци и рефлексија, вештини за реализација на активности со не-формални методи и слично. Овие вештини овозможуваат самиот наставник да направи поттикнувачка средина во која учениците ќе се чувствуваат сигурно.

Поврзано со ова е и една од предностите кое го носи предавањето на контроверзните теми, а тоа е дека наставникот не мора да биде експерт или целосно запознаен со тематика за да може да се ја води дискусијата на темата. Па така, наставникот во таквите ситуации може да пристапи од различни улоги и тоа[13]: непристрасен претседавач, објаснувач, „адвокат на ѓаволот“, „граѓанин“, „сојузник“ и „јавна власт“.

**Третиот предизвик се родителите**. Во општество со претежно конзервативни ставови, вклучувањето на родителите и нивната улога се клучни.

Имено, потребно е самите училиште да развиваат врски со родителите за потребата од отворено дискутирање на контроверзни прашања на начин кој е соодветен за возраста на ученикот.

Ова е многу релевантно, особено во основните училишта каде темите треба да се опфатат на начин кој не предизвикува некомотност. Затоа е потребно родителите да се вклучат и да се објасни процесот на предавањето на ваквите теми, за училиштето и наставниците да можат да имаат поткрепа за опфаќањето на контроверзните теми.

[13] Целосните описи на сите пристапи се достапни во публикацијата, Предавање на контроверзни прашања преку едукација за демократско граѓанство и човекови права.

## Какви се искуствата од европските земји?

**Во Англија** контроверзните теми се опфатени преку програмата за граѓанско образование (Citizenship Education)[14] која е задолжителна програма за средните училишта, а факултативна за основните училишта. Во неа има 4 компоненти за учење и програмата се фокусира на подобрување на политичката култура, активното граѓанство, но и критичкото размислување базирано на информации.

Програмата е воведена во 2002 и досега е двапати ревидирана, во 2014 и 2021.

**Во Велс** контроверзните теми се опфатени преку програмата за лично и општествено образование (Personal and Social Education)[15] и е наменета за ученици од 7 до 16 годишна возраст. Истата се фокусира на подобрување на личниот и социјалниот развој на ученикот за да стекне вештини, вредности и знаења.

**Во Германија** фокусот на контроверзните теми е опфатен преку политичкото образование, имајќи го во предвид искуството на Германија со формите на диктатура во минатото. Иако во Германија сојузните државни го имаат правото да го обликуваат образовниот систем, сепак на централно ниво постои Агенцијата за политичко образование.

Главната одлика е тоа што сите 16 сојузни држани имаат воведено предмет за политичко образование, но со различно име. Тој предмет е изборен и со различен број на часови за различни години.

[14] Краток опис на програмата е достапен на следниот линк - https://assets.publishing.service.gov.uk/government/uploads/system/uploads/attachment_data/file/908347/SECONDARY_national_curriculum_-_Citizenship.pdf

[15] Целосната рамка на програмата е достапна на следниот линк - https://hwb.gov.wales/api/storage/35fae761-054b-4e9b-928c-03e86b3e207f/personal-and-social-education-framework.pdf

# ПРЕПОРАКИ

## ЗА МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА:

- Да се спроведе анализа за ефективноста од спроведувањето на програмата за животни вештини со фокус на опфатот на контроверзни теми;
- Да креира засебна програма за граѓанско образование каде еден од главните приоритети ќе бидат предавањето на контроверзните теми;
- Да воведе задолжителни обуки за наставници за стекнување на вештините за фасилтирање, користење неформални методи, вадење заклучоци и др.

### ЗА ОСНОВНИТЕ И СРЕДНИ УЧИЛИШТА:

- Во своите годишни евалуации да вклучат посебна секција за тоа колку контроверзните теми и граѓанската едукација била спроведена со учениците;
- Да ги поттикнуваат наставниците да опфаќаат контроверзни теми во своите училници и да организираат редовни состаноци за рефлексија помеѓу наставниците;
- Да организираат обуки за стекнување на вештини за наставниците на редовна основа во текот на годината;
- Да потготвуваат извештаи за реализирање на програмата за контроверзните теми кој ќе биде јавно достапен за родителите.

# КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА


## ПУБЛИКАЦИИ

1. Предавање на контроверзни прашања преку едукација за демократско граѓанство и човекови права- пакет за обука на наставници, Совет на Европа, 2021 година
2. Младинско статус кво - истражување за младинскиот социјален капитал, Младински образовен форум, 2020
3. Социо-политичко учество на младите во Северна Македонија: Апатија, оптимизам или разочараност?, Фондација за демократија на Вестминстер, Северна Македонија, 2019
4. Предавање на контроверзни теми, водич за наставници, Oxfam, 2018

## ДОКУМЕНТИ ЗА ЈАВНИ ПОЛИТИКИ

1. Како од образование базирано на факти до образование базирано на вештини, Здружение LEAD, 2021
2. Teaching Controversial Issues:a European Perspective, Wolfgang Berg, Leena Graeffe and Cathie Holden, 2003

## ВЕБ ИЗВОРИ

1. Агенција за граѓанско образовние - https://www.lpb-bw.de/beutelsbacher-konsens
2. Биро за развој на образованието - https://www.bro.gov.mk
3. Министерство за образование и наука – www.mon.gov.mk
4. Организација за економска соработка и развој - https://www.oecd.org/pisa/test/
5. Министерство за надворешни работи на Велика Британија - https://assets.publishing.service.gov.uk/government/uploads/system/uploads/attachment_data/file/908347/SECONDARY_national_curriculum_-_Citizenship.pdf
6. Влада на Велс - https://hwb.gov.wales/api/storage/35fae761-054b-4e9b-928c-03e86b3e207f/personal-and-social-education-framework.pdf







MKD

Советот на Европа е водечка организација за човековите права на континентот. Таа има 47 држави членки, вклучувајќи ги сите членки на Европската унија. Сите држави членки на Советот на Европа ја потпишаа Европската конвенција за човекови права, која претставува меѓународен договор за заштита на човековите права, демократијата и владеењето на правото. Европскиот суд за човекови права ја следи примената на оваа конвенцијата од страна на државите членки.

**www.coe.int**

Земјите-членки на Европската унија одлучија да ги поврзат своите знаења, ресурси и судбини. Заедно изградија зона на стабилност, демократија и одржлив развој, притоа одржувајќи ја културната разновидност, толеранцијата и индивидуалните слободи. Европската Унија е посветена на споделување на своите достигнувања и вредности со земјите и народите надвор од нејзините граници.

**http://europa.eu**

EUROPEAN UNION

COUNCIL OF EUROPE

CONSEIL DE L'EUROPE